Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË
MONUMENTEVE TË KULTURES DHE
Бр./Nr. 04-418/1
19.04.2021
Охрид/Ohër

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

*НУ Завод и Музеј,ул. "Боро Шаин" бр.. 10,П.фах.95, 6000 Охрид, Република Македонија,
тел.l. 046/262-498; 046/231-300; faks 046/231302, Музејска зграда Робевци 267-173;
e-mail: zimohrid@yahoo.com; жиро сметка: буџетска 1180110090756031 9и сопствена18010090*

Врз основа на член 21 и 23 став 4 од Законот за работните односи (Сл весник на РМ бр.62/05; 106/08; 161/08; 114/09; 139/09; 149/09; 50/10; 124/10; 47/11; 1 1/12, 39/12; 13/13; 25/13; 170/13; 187/13; 113/14; 20/15; 33/15; 72/15; 129/15; 27/16), член 77-ж од Законот за културата (Сл.весник на РМ бр.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 187/13; 44/14; 61/15; 154/15; 39/16 и 11/18), член 20-д став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/l4;199/14;27/16; и 35/18), согласно Согласноста од Министертвото за финансии бр.18-2764/2 од 23.03.2021 година, издадена од страна на Министерството за финансии и согласно член 13 став 2 алинеја 7 од Статутот на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј — Охрид, в.д. директорот на ден 19.04.2021 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

За повторен избор на 1(едно) лице Кустос археолог
по објавен Јавен оглас за вработување бр.01/2018

Член 1

Согласно Пресуда РО-55/19 од 29.06.2020 год. на Основен суд Охрид како и Пресуда РОЖ-485/20 од 21.12.2020 год. на Апелационен суд Битола, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид изврши повторен избор на кандидат согласно објавениот Јавен оглас за вработување на лица на неопределено работно време во Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид бр. 01/2018 и Предлогот за избор на кандидат за работната позиција КУЛ0304Д03002, Кустос археолог, бр. 04-147/9 од 14.04.2021 година, доставен од страна на Комисијата за спроведување на постапката за повторен избор за вработување, за работното место наведено во Јавниот оглас под став I, точка 3 - КУЛ0304Д03002, Кустос археолог, се избира лицето Драган Танески.

## Образложение

Согласно Пресуда РО-55/19 од 29.06.2020 год. на Основен суд Охрид како и Пресуда РОЖ-485/20 485/20 од 21.12.2020 год. на Апелационен суд Битола, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид изврши повторен избор на кандитат за постапката за вработување во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј — Охрид истата беше спроведена од страна на Комисија определена од страна на Министерството за култура на РСМ (Допис бр. 31-2009/2 од 08.03.2021 год.).

Комисијата, по административната проверка на документите на кандидатите по јавниот оглас 01/2018 за работното место наведено во Јавниот оглас под став I, точка 3 - КУЛ0304Д03002, Кустос археолог, на ден 29.03.2021 год., во просториите на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид спроведе административна селекција на кандидатите и изготви Записниик за тоа кои кандидати ги исполнуваат општите и посебните услови по јавниот оглас бр. 04-346/1 од 02.04.2021 година, и сите кандидати кои ги исполнуваа условите ги повика на интервју за работната позиција КУЛ0304Д03002, Кустос археолог.

Комисијата за спроведување на постапката за повторен избор за вработување ги разгледа и оцени одговорите кои пријавените кандидати ги дадоа на прашањата поставени на Интервјуто, доставените биографии и мотивациски писма во пријавите, а по извршеното оценување Комисијата состави Записник со бодување на кандидатите согласно спроведеното интервју бр. 04- 147/7 од 14.04.2021 година, како и Ранг листа на кандидатите со бодови бр. 04-147/8 од 14.04.2021 година во која истите кандидатите беа рангирани по следниов редослед:

1.Драган Танески..........................................................64,5 бода
2.Фанче Илоска............................................................38,6 бода
3.Миле Илоски...............................................................34,7 бода
4.Валентина Тодороска..................................................33,3 бода
5.Светлана Наумоска.....................................................21,2 бода
6.Валентина Петрушеска Петроска.............................19,5 бода
7.Никола Паскали.............................................................6,8 бода

Комисијата изготви Предлог до в.д. директорот за избор на кандидат за работната позиција КУЛ0304Д03002, Кустос археолог, бр.147/9 од 14.04.2021 година со кој предложи да се избере прворангираниот кандидат, Драган Танески.

Согласно чл. 21 од Законот за работните односи и чл.77-ж од Законот за култура, в.д. директорот на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, на предлог на Комисијата за повторен избор, го избра лицето Драган Танески за работното место КУЛ0304Д03002, Кустос археолог.

Заради претходно наведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука, незадоволните кандидати имаат право во рок од 8 (осум) дена да поднесат жалба до Управниот одбор на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј — Охрид.

**в.д Директор,**
Даниела Недељковиќ